# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**16.02.2007**<br>**БРОЈ 15 ГОДИНА 41** | |


## С О Д Р Ж И Н А


**1.** Буџет на општина Охрид за 2007 година **2**

**2.** Одлука за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2007 година **5**

**3.** Одлука за усвојување на Програмата за работа на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за 2007 година **8**

**4.** Одлука за усвојување на Програмата за инвестиции и одржување на општина Охрид за 2007 година **9**

**5.** Програма за инвестиции и одржување на општина Охрид за 2007 година **10**

**6.** Декларација **17**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

### З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Буџетот на општина Охрид за 2007 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2006 година.

**Број 08-2801/3**
**28.12.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на ЕЛС Охрид („Сл.гласник на ЕЛС Охрид“ бр.2/02), Советот на ЕЛС Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2006 година, донесе

***Б У Џ Е Т***
**на ЕЛС Охрид за 2007 година**

**1. Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на ЕЛС Охрид за 2007 година се состои од:

| | |
|---|---|
| **Вкупни приходи** | **452.300.000 денари** |
| и тоа: | |
| **- тековно оперативни и капитални расходи** | **398.358.353 денари** |
| **- наменски дотации** | **34.741.647 денари** |
| **- приходи од самофинансирачки активности** | **19.200.000 денари** |
| **Вкупни расходи** | **452.300.000 денари** |
| и тоа: | |
| **- утврдени намени** | **451.950.000 денари** |
| **- резерви** | **350.000 денари** |

**Член 2**

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени се утврдени во Билансот на приходите и расходите на ЕЛС Охрид за 2007 година.

***ВОВЕД***

Буџетот на општина Охрид, претставува годишен план за финансирање на функциите и обврските , а се состои од годишна проценка на приходите и трошоците по намени. За реално утврдување на вкупните годишни приходи и расходи потребно е во целост да се запази процесот на буџетирање утврден согласно Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за буџетите.

Според тоа, процесот на буџетирање претставува една од најзначајните активности во Локалната самоуправа. Незамисливо е нормално функционирање и извршување на сите планирани активности без правилно, навремено, точно донесување и извршување на буџетот. Процесот на буџетирање претставува перманентен циклус кој започнува со моментот на изработување на годишниот план и трае се до конечното функционирање (31.12 во календарската година)

Буџетскиот процес ги содржи следните фази:

- утврдување на целите на општината, поаѓајќи од потребите на граѓаните и проценката на приходите;
- утврдување на целите на општинските корисници на буџетот (училишта, детски градинки и ППЗ), поаѓајќи од нивните програми, нивото на наменски дотации и дополнителни приходи од буџетот;
- анализа и подготвување на предлог буџет;
- донесување на буџет;
- извршување на буџетот.

Почитувајќи го буџетскиот процес, Општина Охрид во текот на подготвувањето на буџетот изврши согледување, проценка и проектирање на сопствените финансиски ресурси утврдени согласно законската регулатива.

Утврдените приходи, заедно со трансферираните приходи од државно ниво (ДДВ и наменски дотации), ја утврдија вкупната маса на средства на општината, кои стојат на располагање за решавање на одредени проблеми, активности и надлежности во буџетската година.

Изготвувањето на расходниот дел, начинот на трошење на приходите, во приложениот буџет е резултат на укажувања од граѓани за решавање на комунални проблеми, предлози на месни заедници, планови на ОУ, детски градинки и средни училишта, преку извршени и утврдени анализи на стручни служби на општината.

Соодветните активности на општината искажани како трошоци опфатени се во соодветни програми во буџетот, кое овозможува поголема транспарентност и контрола на начинот на извршување на буџетот.

***ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ***

Приходите на Единиците на локална самоуправа се утврдени со Законот за финансирање на ЕЛС.

Согласно член 2 од Законот за буџетите, буџетот на ЕЛС претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации и буџет на самофинансирачки активности.

Имајќи ги во предвид горенаведените закони, ЕЛС остваруваат приходи од следните извори на финансирање:

- ***Сопствени извори на приходи*** (опфатени во колоната буџет), а остварени врз основа на наплата на локални даноци, локални такси, локални надоместоци, приходи по основ сопственост.
- ***Приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите на РМ*** (опфатени во колоната буџет), средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери.
- ***Приходи по основ наменски дотации за ППЕ, превоз на ученици, средно и основно образование и детски градинки***. Наведените приходи опфатени се во колоната приходи од наменски дотации и изнесуваат 37.741.647,00 денари или поединечно по активности

  - за финансирање на детска заштита 3.471.184,00 денари
  - за финансирање на територијални противпожарни единици 7.661.500,00 денари
  - за финансирање на превоз на ученици 3.190.124,00 денари
  - за финансирање на основно образование 14.174.977,00 денари
  - за финансирање на средно образование 6.243.862,00 денари

Средствата се префрлаат од трезор на сметката на Општина.

- ***Приходи на училиштата, детските градинки за вршење редовна дејност, опфатени во колоната приходи од самофинансирачки активности.***

***СОДРЖИНА И ПРОГРАМИ НА БУЏЕТОТ***

Општинскиот буџет се состои од општ и посебен дел.
Општиот дел на буџетот на општината содржи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи
- функционална класификација на расходите
- биланс на тековно оперативни приходи и расходи
- биланс на капитални приходи и расходи

Посебниот дел на буџетот ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите донесен од страна на Министерството за финансии, групирани според корисници и програми.

Вкупните приходи на општина Охрид, предвидени за 2007 година, изнесуваат **452.300.000** денари. Проекцијата е направена согласно Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа и согледаните активности и потреби на општина Охрид.

Расходите на буџетот, според корисници и намени, групирани се во соодветни програми. Буџетот на општина Охрид ги содржи следните Програми:

| | | |
|---|---|---|
| А0 | Совет на Општина | 15.502.000 |
| D0 | Градоначалник | 3.459.000 |
| Е0 | Општинска администрација | 70.246.500 |
| F1 | Урбанистичко планирање | 28.000.000 |
| ФА | Уредување на гр.земјиште (капитални трошоци) | 16.200.000 |
| Г1 | Поддршка на локалниот економски развој | 6.335.000 |
| Г2 | Поттикнување и развој на туризмот | 5.596.000 |
| Ј0 | Одржување на урбана опрема | 200.000 |
| Ј3 | Јавно осветлување | 14.625.000 |
| Ј4 | Јавна чистота | 4.400.000 |
| Ј6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици | 6.050.000 |
| Ј8 | Други комунални услуги | 2.000.000 |
| ЈА | Изградба на јавно осветлување | 5.800.000 |
| JD | Изградба и реконструкција на локални патишта | 104.030.153 |
| JF | Изградба на сообраќајна сигнализација | 4.300.000 |
| JG | Изградба на системи за водоснабдување | 24.550.000 |
| JI | Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води | 42.000.000 |
| ЈН | Урбана опрема (капитални расходи) | 1.600.000 |
| К4 | Културни манифестации и творештво | 2.738.500 |
| Л0 | Спорт и рекреација | 5.597.000 |
| М1 | Детски градинки | 11.681.184 |
| N1 | Основно образование | 38.234.977 |
| N2 | Средно образование | 26.073.862 |
| N3 | Превоз на ученици од основно образование | 3.490.124 |
| Р1 | Заштита на животна средина и природа | 1.000.000 |
| Ќ0 | Противпожарна заштита | 8.590.700 |

Секоја програма и потпрограма е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите.

Поблиска распределба по корисници и намена дадена е во Посебниот дел на буџетот.

**Член 3**

Буџетот на Општина Охрид за 2007 година влегува во сила со денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“, а ќе се применува од 01.01.2007 година до 31.12.2007 година.

**Број 07- 2801/3**
**28.12.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Охрид за 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2006 година.

**Број 08-2801/4**
**28.12.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04 и 96/04) и член 42 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ОХРИД ЗА 2007 ГОДИНА**

**Член 1**

Буџетот на општината Охрид за 2007 година (во понатамошниот текст Буџетот) се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на дотации.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично, согласно програмите и планските одредби.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не може да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината, како и расходите, со формирање на работни групи кои ќе ја следат и контрочираат реализацијата на програмите.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

По исклучок, буџетскиот корисник не може да врши пренамена на буџетот со која се зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци.

**Член 7**

Прераспределбата на утврдените средства меѓу трошковните ставки до износ од 100.000,00 денари, по трошковна ставка се врши со Решение на Градоначалникот.

**Член 8**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства на овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 9**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци, според термините во програмите.

**Член 10**

Исплата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат за: избраните и именуваните лица нето појдовната основа за 1 коефициент изнесува просечно исплатена месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година, за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на нето платите изнесува 40,10 денари.

**Член 11**

Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5км. од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

**Член 12**

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) ќе се исплатува согласно законската регулатива.

**Член 13**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 800,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

**Член 14**

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ, надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

**Член 15**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од **100 EUR** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 16**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

**Член 17**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 18**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

**Член 19**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на Товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 20**

Буџетот на општина Охрид се извршува од 01.01.2007 до 31.12.2007 година.

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“, а ќе се применува од 01 јануари 2007 година.

**Број 07- 2801/4**
**28.12.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ ОХРИД ЗА 2007 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид за 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2006 година.

**Број 08-2801/5**
**28.12.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ ОХРИД ЗА 2007 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за работа на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за 2007 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за 2007 година бр.02-1086/8 од 11.12.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2801/5**
**28.12.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за инвестиции и одржување на општина Охрид за 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2006 година.

**Број 08-2801/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.02.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за инвестиции и одржување на општина Охрид за 2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2801/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.02.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Програмата за инвестиции и одржување на општина Охрид за 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2006 година.

**Број 08-2801/6-1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.02.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Програмата за инвестиции и одржување за 2007 година, изработена од Одделението за комунален развој и сообраќај, ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни услови за развој на општината и зголемување на квалитетот на животот на нашите граѓани. Програмата го продолжува континуираниот развој на општина Охрид и зголемените инвестициони активности на општината во изминатиот период.

Изработена е врз основа на писмените забелешки на граѓаните, разговорите со дел од жителите на општината, редовните контакти на Градоначалникот и стручните служби со одборите на месните заедници, програмите на МЗ кои се доставуваат до општинските служби, како и согледувањата на стручните служби од терен.

Согледувајќи ги сите предлози, направен е премер и пресметка за висината на инвестициите, врз основа на цените и вредноста на реализираните проекти во 2006 година, согласно тендерска процедура.

Имајќи ја предвид реалната ситуација и проблемите со кои се соочува општина Охрид на финансиски план, сепак се надеваме дека оваа програма ќе биде реализирана во целост, а со тоа ќе одговориме на потребата на општината и потребите на граѓаните.

**F Урбанистичко планирање**

**FA Уредување на градежно земјиште**
(отворање на пристапни улици)

- пробивање на улица во 3/та УЕ
  (Костадин Стојаноски, Муратоски Сандре)
- отворање пристапен пат во с.Пештани
  (Зимоски Радослав и др.)
- отворање пристапен пат во 3/та УЕ
  (Србиноски Ристо и др.)
- отворање пристапен пат нас.Лагадин
  (Димоски Лазо)
- собирна улица во 6/та УЕ
  (Зеко Тургут и др.)
- дел од станбена улица во 8/ма УЕ
  (Трифун Николоски и др.)
- сообраќајна улица во 3/та УЕ
  (Банароски Љубе)
- улица во 10/та УЕ
  (Андреески Марко и др.)
- станбена улица /дел/ во Болнички комплекс
  (Константинов Харалампие и др.)
- сообраќајница во 3/та УЕ /дел/
  (Стојаноски Никола и Гордана)

**Улици за кои е почната постапка за експропријација**

1. Ламаноски Драган
2. Положани Кадри и Илир Доко
3. Банароски Славе
4. Ламаноски Тоде
5. Оман Дичо
6. Јанкоски Сашо
7. Стојаноски Никола

8. Чингоски Томе
9. Мартиноски и Митаноски 3/та УЕ
10. Томе Трајкоски
11. Колески Славко
12. Елица Нацева
13. Јован Петров
14. Бујароски Марјан
15. Каланоски Никола
16. Љушкоски Владо
17. Вретоски Спасе
18. Ангелоска Наталија

**J Комунални дејности**

**J3 Експлоатација на мрежи за јавно осветлување**

- електрична енергија за јавно осветлување....................................................14.000.000,00
- одржување на мрежата за јавно осветлување...................................................600.000,00
- регистрација на моторно возило...........................................................................15.000,00
- поправка и сервисирање на ТМВ...........................................................................10.000,00

**Вкупно:.................................14.625.000,00**

**JA Изградба на мрежи за јавно осветлување**

**Инвестирање во мрежи за јавно осветлување**

- осветлување на ул.„Кленоец“...........................................................................1.400.000,00*
- осветлување на ул.„Марко Цепенков“..............................................................1.100.000,00
- осветлување на ул.„Даме Груев“......................................................................1.100.000,00
- осветлување на ул.„Петрино“...............................................................................200.000,00*
- осветлување на ул.„Дејан Војвода„........................................................................180.000,00
- осветлување на ул.„Стив Наумов„...........................................................................70.000,00
- осветлување на с.Велгошти....................................................................................100.000,00
- осветлување на с.Љубаништа..................................................................................100.000,00
- осветлување на с.Лескоец.......................................................................................100.000,00
- осветлување на ул.„Будва“......................................................................................200.000,00*
- осветлување околу детска градинка......................................................................450.000,00

**Вкупно:.................................5.000.000,00**

**Проширување во мрежи за јавно осветлување**

- осветлување на ул.„Стив Наумов“...........................................................................70.000,00
- осветлување во с.Подмоље......................................................................................135.000,00
- осветлување на ул.„Момчило Јорданоски“..............................................................70.000,00
- осветлување на „Бул.Туристичка„...........................................................................85.000,00
- осветлување на ул.„Стив Наумов„-училиште............................................................70.000,00*
- осветлување на повеќе улици и простори
  околу згради во градот и повеќе селски улици.......................................................370.000,00

**Вкупно:..................................800.000,00**

**Вкупно за JA.....................5.800.000,00**

**JD Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

**Асфалтирање**

- на ул.„Даме Груев“, Р=4320м2.....................................................................4.450.000,00*
- на крак на ул.„Шар Планина„ Р=120м2.............................................................120.000,00
- на пристапни улици во с.Пештани,Р=5500м2.............................................4.125.000,00*
- на ул.„Махмут Рифат„Р=1131м2.......................................................................900.000,00

- на ул.„С.Китаноски“, ул.„В.Чернодрински“
  и ул.„С.Пинџур“ P=2176м2.........................................................................1.175.000,00*
- на ул.„Богомилска“ P=2000м2...................................................................1.140.000,00
- на улици во с.Подмолје, P=3000м2..........................................................2.850.000,00
- краци на ул.„Кленоец“ P=2236м2..............................................................2.150.000,00
- крак на ул.„Крали Марко“ P=600м2..............................................................570.000,00
- проширување на пат за с.Скребатно............................................................800.000,00*
- проширување на пат за с.Велестово............................................................542.663,00*
- краци на ул.„Радојца Новичиќ“ P=2176м2.................................................2.875.000,00
- на ул.„Спас Банџов“ и краци на истата P=3350м2...................................2.600.000,00*
- крак од ул.„Даме Груев“ према „Ј.Сандански“ P=300м2.............................240.000,00
- крак од ул.„Д.Влахов“ P=132м2....................................................................112.000,00*
- на ул.„Славеј Планина“ P=2500м2.............................................................1.350.000,00*
- на ул.„Пере Тошев“ P=1500м2......................................................................810.000,00*
- на крак од ул.„А.Мустафа“ P=450м2............................................................427.000,00
- проширување на ул.„В.Стефоски“...............................................................700.000,00*
- на крак од ул.„Стив Наумов“ P=210м2.........................................................199.500,00
- на ул.„Стив Наумов“ према Емо P=2600м2..............................................1.404.000,00
- на ул.„Карпош Војвода“ P=1800м2................................................................972.000,00*
- на крак од ул.„Сирма Војвода“ P=1055м2....................................................560.000,00*
- на ул.„Дејан Војвода“ P=3800м2................................................................2.052.000,00
- на крак од ул.„Абас Емин“ /к.бр.353 и др./ P=525м2.................................400.000,00
- на ул.„А.Јованоски“ со краци P=1850м2...................................................1.480.000,00
- крак од „Бул.Туристичка“ P=325м2.............................................................310.000,00
- краци од ул.„Момчило Јорданоски“ P=1200м2.........................................1.128.000,00
- крак од ул.„Ристо Чадо“ P=175м2................................................................150.000,00
- краци на ул.„Ристо Чадо“ P=500м2..............................................................470.000,00
- краци на ул.„Живко Чинго“ P=1000м2...........................................................940.000,00
- краци во с.Трпејца P=300м2..........................................................................280.000,00*
- на мостот кај црквата во с.Расино P=100м2..................................................95.000,00
- училишен двор и средсело во с.Елшани P=1000м2.....................................815.000,00*
- краци во с.Долно лакочереј P=500м2............................................................470.000,00
- во с.Свиништа до манастирот „Св.Богородица“ P=750м2..........................630.000,00
- крак од ул.„Дебрца“ до зградата P=200м2....................................................110.000,00*
- краци во с.Лескоец P=3000м2....................................................................2.850.000,00
- краци во нас.Лагадин P=300м2.....................................................................280.000,00*
- на улици во с.Елшани P=530м2.....................................................................500.000,00
- на улици во с.Косел P=1000м2......................................................................950.000,00
- на ул.„Галичица“ P=1579м2...........................................................................852.000,00
- на пат во нас.Рача према Езеро P=900м2......................................................855.000,00
- на ул.„В.Стефоски“ P=1200м2.......................................................................650.000,00
- краци во с.Ливоишта P=500м2.......................................................................375.000,00
- дел од патот за с.Орман P=1000м2................................................................540.000,00

**Вкупно:..........................48.254.163,00**

## Тампонирање

- тампонирање на пат од Лакочереј до Вапила P=1200м2.............................780.000,00
- тампонирање на пат во нас.Р.Новичиќ до црква Св.Тројца
  со површина од P=2100м2.........................................................................1.300.000,00
- тампонирање на пат од с.Лескоец до с.Велгошти....................................1.000.000,00
- изработка на техничка документација
  и проект за кружна раскрсница....................................................................400.000,00
- тампонирање на пат во МЗ Св.Стефан до црква..........................................500.000,00*
- проширување на патот за с.Скребатно.......................................................1.300.000,00*
- тампонирање на пат од Лескоец према старо Лескоец................................800.000,00

**Вкупно:.............................6.100.000,00**

**Изградба на кружни раскрсници, формирање на нови раскрсници**

- кружна раскрсница кај Здружение на возачи.............................................1.000.000,00*
- кружна раскрсница помеѓу ул.„Марко Цепенко“ и улицата „Момчило Јорданоски“.......................................................................800.000,00*
- раскрсница помеѓу улиците „Богомилска“ и „Булевар Туристичка“.......................................................................600.000,00*
- раскрсница помеѓу улиците „Асном“ и „К.Војвода“...................................600.000,00
- раскрсница помеѓу ул.„Туристичка“ и „Богомилска“..................................300.000,00
- уредување на тековни раскрсници................................................................700.000,00

**Вкупно:.............................4.000.000,00**

**Поплочување на тротоари и улици**

- поплочување на ул.„7/ми Ноември„ Р=1200м2..........................................1.500.000,00
- поплочување на ул.„М.Несторoски„ Р=1800м2.........................................1.100.000,00
- поплочување на ул.„Јане Сандански„ Р=350м2 /од „Туристичка„ до „Кеј М.Тито„-западна страна/....................................400.000,00*
- поплочување на ул.„М.Богоески„/западна страна/ Р=300м2.......................400.000,00
- поплочување на ул.„Вангел Николоски„ Р=902м2.................................1.000.000,00*
- поплочување на ул.„Трајче Дојчиноски„ Р=611м2......................................620.000,00*
- поплочување на ул.„Марко Несторoски„ -јужна страна од ул.„П. Гули„ до ул.„В.Николоски„ Р=481м2............................................354.300,00
- поплочување на паркинг пр.пред училиште Св.Климент..........................1.000.000,00
- поплочување на ул.„Први Мај„ Р=320м2......................................................400.000,00*
- поплочување на улица „Живко Чинго„ Р=2000м2….................................2.630.000,00
- уредување на десната страна од тротоар „Г.Делчев“................................1.000.000,00
- поплочување на тротоари на ул.„Р.Новичиќ„ Р=3650м2...........................2.578.000,00
- поплочување на тротоар на ул.„Кленоец“ Р=1920м2................................1.436.200,00
- поплочување на тротоар со бет.рабници на ул.„Дејан Војвода“ Р=1600м2.................................................................1.265.000,00
- поплочување на тротоари на ул.„С.Китаноски“ Р=280м2............................228.750,00*
- поплочување на тротоари на ул.„С.Пинцур“ Р=450м2................................397.200,00*
- поплочување на тротоари на ул.„В.Чернодрински“ Р=350м2......................369.400,00*
- асфалтирање на тротоари на „Бул.Туристичка“ и „15/ти Корпус“ Р=25000м2........................................9.500.000,00*
- поплочување на ул.„Даме Груев“ Р=4000м2...........................................2.936.000,00
- поплочување на трот.на ул.„Спас Банцов“ Р=300м2..................................230.000,00
- поплочување на трот.на ул.„Славеј Планина“ Р=1837м2..........................1.350.000,00
- поплочување на трот.на ул.„Карпош Војвода“ Р=1260м2............................924.800,00
- поплочување на ул.„Мирче Ацев“ Р=928м2..................................................690.800,00
- поплочување на трот.на ул.„Железничка“ Р=3000м2................................2.300.000,00
- поплочување на ул.во стариот дел на градот Р=1000м2..............................500.000,00*
- поплочување на крак од Охридски Бригади Р=344м2.................................326.800,00
- поплочување на пешачка патека од Б.Извори до нас.Рача Р=2000м2.......1.500.000,00
- санација на потпорни ѕидови во стариот дел на градот............................1.200.000,00*
- проширување на 4 мостови.........................................................................1.200.000,00*
- поплочување на ул.„Стив Наумов“ према Емо...........................................1.111.500,00
- поплочување на ул.„15/ти Корпус“ до влез во с.Велгошти Р=2360м2......1.740.000,00
- поплочување на тротоар на ул.„К.Точков“ Р=600м2...................................441.000,00
- поплочување на трот. во нас.Христо Узунов Р=500м2................................370.000,00

**Вкупно:.......................................42.999.750,00**

**Поставување на улични рабници**

- на ул.„Славеј Планина“ во должина од 240м...............................................250.640,00*
- на ул.„Пере Тошев“ во должина од 365м......................................................240.000,00*
- на ул.„Спас Банцов“ во должина од 330м.....................................................215.000,00
- на ул.„Карпош Војвода“ во должина од 720м...............................................644.000,00*

- на ул.„Мирче Ацев“ во должина од 464м........................................................302.000,00
- на ул.„Стив Наумов“ према Емо во должина од 1040м..................................676.000,00
- на крак од ул.„Охридски Бригади“ во должина од 344м...............................223.600,00
- на ул.„Први Мај“ во должина од 150м............................................................125.000,00

**Вкупно:............................................2.676.240,00**

**ВКУПНО за JD...........................104.030.153,00**

## JF Изградба на сообраќајна сигнализација

**вертикална сообраќајна сигнализација**

- замена на сообр.знаци, поставување на нови сообраќајни знаци на подрачје на Охрид со монтажа....................................800.000,00*

**хоризонтална сообраќајна сигнализација**

- осовинско бележење на патишта со бела боја, бележење на пешачки премини со бела боја, обележување на коловозни стрелки, обележување на автобуски и такси-постојки со жолта боја...................................................1.560.000,00*

**електрична семафорска сигнализација**........................................................................500.000,00

- одржување.......................................................................................................200.000,00
- реконструкции.......................................................................................
- вградување на електронски бројачи................................................................300.000,00

**Вкупно:..........................3.360.000,00**

**забавувачи на сообраќај и заштитни огради**

- поставување на забавувачи..............................................................................600.000,00*
- поставување на заштитни огради...................................................................340.000,00*

**Вкупно:.................................940.000,00**

**Вкупно за JF......................4.300.000,00**

**J6 Одржување и заштита на локални патишта, улици и речни корита......................................................................6.050.000,00**

**LO Спортски игралишта**

**- изградба на детски спортски игралишта...............................................5.597.000,00***

**JG Изградба на системи за водоснабдување**

- изградба на водоводна линија на ул.„Методи Патчев“, Ф90, Л=100м
- изградба на водоводна линија во горна зона, с.Велгошти, Ф 90, Л=300м
- изградба на водоводна линија по ул.„Андреја Јованоски“, Ф 90, Л=300м
- изградба на водоводна линија на ул.„Партизанска“-„Кеј М.Тито“ Ф 90, Л=78м
- изградба на водоводна линија во МЗ Долна Влашка Маала
  *ул.„Јане Сандански„ Ф 63, Л=145м
  *ул.„Страшо Пинџур„ Ф 63, Л=170м
  *ул.„Славеј Планина„ Ф110, Л=267м
- изградба на водоводна линија на ул.„Јане Сандански“ /„Партизанска“-„Кеј М.Тито“/, Ф 150, Л=160м
- изградба на водоводна линија на ул.„Даме Груев“ /„Туристичка“-„П.Гули“/ Ф 110, Л=550м
- изградба на водоводна линија на ул.„Даме Груев“-крак /бр.58/,Ф 63, Л=60м
- изградба на водоводна линија на ул.„А.Узунова“ /покрај канал/, Ф 90, Л=150м
- изградба на водоводна линија за поврзување на Рача1 и Рача2, Ф 110, Л=1200м

- изградба на водоводна линија на ул.„Андон Дуков“, Ф 90, Л=200м
- изградба на водоводна линија во нас.Гоце Делчев /продолжеток/ Ф 200, Л=150м
- изградба на водоводна линија по ул.„Кеј Маршал Тито“, Ф 110, Л=1100м
- девијација на водоводна линија по ул.„Ирена М.Гинова“, Ф 110, Л=60м
- изградба на објекти за сместување на хидро станици (бустери) бр.6 со П=14м2 заедно со монтажа на електромеханичка опрема
- изработка на проекти и реализација на дел од проектите за водоснабдување во град Охрид и населените места Г.Лакочереј, Лескоец, Вапила, Сирула, Речица, Рамне
- изградба на мрежа за наводнување зелени површини на ул.„Кеј М.Тито“
- изградба на резервоар за с.Елшани после превземање на водоводот од страна на МЈП „Проква“ Струга

**Вкупно за JG......................24.550.000,00**

**JI Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

- изведба на фекална и атмосферска канализација во нас.Гоце Делчев-Болнички комплекс,1/ва фаза Ф300, Л=974м, атм.Ф350, Л=350м

/решавање на имотно-правните работи е на товар на Одделението за комунален развој-Охрид/

- изведба на канализациона линија на ул.„Андреја Јованоски“ Ф200, Л=600м
- изведба на фекална канализација и приклучување во нас.Р.Новичиќ Ф200, Л=400м
- изведба на фекална канализација на ул.„Винковачка“ Ф200, Л=100м
- изведба на фекална канализација на ул.„Момчило Јорданоски“- крак, Ф200, Л=137м
- изведба на фекална и дождовна канализација на ул.„15/ти Корпус“ од ЕМУЦ до сервис АД Галеб
- изведба на атмосферска канализација на ул.„Партизанска“ со поврзување во новата канализација - 1/ва фаза
- изведба на фекална и атмосферска канализација комплекс Расадник, 1/ва фаза, Ф400, Л=364м, Ф300, Л=364м
- изведба на фекална канализација во с.Подмоље, 1/ва фаза
- изградба на фекална и атмосферска канализација ул.„Д.Груев“ од „Туристичка“ до ул.„П.Гули“, Ф 400, Л=700м
- изработка на тех.документација и изведување на фекална канализација по ул.„К.Марко“
- изведба на фекална канализација на ул.„Кирил и Методи„-крак „Г.Делчев“, Ф200, Л=78м
- изведба на фекална канализација во нас.Р.Новичиќ, Ф200, Л=76м
- изведба на фекална и атмосферска канализација на ул.„Марко Цепенков“, Ф200, Л=45м
- изведба на фекална канализација на ул.„Бекир Алириза“-продолжеток Ф300, Л=50м
- изведба на фекална канализација на ул.„Јабланица“, Ф200, Л=130м
- изведба на фекална канализација на ул.„Илинденска„ - крак, Ф200, Л=100м

/решавање на имотно-правните работи е на товар на Одделението за комунален развој-Охрид/

- изведба на фекална канализација и приклучување во нас.Рача, Ф200, Л=400м
- изведба на фекална канализација на ул.„Серафим Китаноски“, Ф200, Л=50м
- изведба на атмосферска канализација на ул.„Богомилска“ со поврзување во новата канализација, Ф400, Л=85м, Ф300, Л=65м
- изградба на ПС Елешец и ПС Пештани со довршување на примарниот колектор од ПС Елешец до ПС Пештани
- фекална канализација во нас.Пештани
- одржување на атмосферска канализација
- изградба на атмосферска канализација на ул.„7/ми Ноември“
- изградба на атмосферска канализација на ул.„Сирма Војвода“

**Водоснабдување и канализација**

- изведба на водоводна и канализациона линија по ул.„Никола Карев“ В-Ф110,Л=20, К-Ф200,Л=20м
- изведба на водоводна и канализациона линија по ул.„Шар Планина“ В-Ф110,Л=48, К-Ф200,Л=90м
- изведба на водоводна и канализациона линија по

ул.„М.Јорданоски“ В-Ф90,Л=86, К-Ф200,Л=86м
- изведба на водоводна и канализациона линија
приклучок пред с.Пештани, В-Ф110,Л=30, К-Ф200,Л=40м
- чистење на каналите на улица „Бистрица“ и „Аџи Мустафа“

**Вкупно за JI:........................42.000.000,00**

Наведените активности JI и JG ќе се реализираат со заедничко учество на општина Охрид и МЈП „Проаква“.

Доколку се обезбедат средства од републички фондови, меѓународни проекти и донации ќе се реализираат следните активности:
- реализација на Северно - транзитна улица
- реализација на Источно - транзитна улица
- обележување, тампонирање и асвалтирање на патот за село Сирула од асвалтната база на Маврово до село
- обележување, тампонирање и асвалтирање на дел од патот за село Плаќе
- изградба на фекална канализација во с.Лескоец
- изработка на техничка документација за фекална канализација за с.Велгошти
- осветлување на надвозник на влез во Охрид
- осветлување на улица „Железничка“
- осветлување на Источно - транзитна улица

## Р е к а п и т у л а ц и ј а

| | | |
|---|---|---|
| **J3** | **Експлоатација на мрежа за јавно осветлување** | **14.625.000,00** |
| **JA** | **Изградба на мрежа за јавно осветлување** | **5.800.000,00** |
| **JD** | **Изградба и реконструкција на локални патишта** | **104.030.153,00** |
| **JF** | **Изградба на сообраќајна сигнализација** | **4.300.000,00** |
| **J6** | **Одржување и заштита на локални патишта и режим на сообраќај** | **6.050.000,00** |
| **LO** | **Спортски игралишта** | **5.597.000,00** |
| **JG** | **Изградба на системи за водоснабдување** | **24.550.000,00** |
| **JI** | **Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** | **42.000.000,00** |

***Вкупно:.............206.952.153,00***

*Звездичката означува приоритетни активности

**Број 07-2801/6-1**
**14.02.2007 година**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ДЕКЛАРАЦИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Декларацијата, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 07.02.2007 година.

**Број 08-2161/3**
**07.02.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Тргнувајќи од интересот на граѓаните на општина Охрид, развојот на физичкото и здравственото образование и развојот на спортот во општината, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 07.02.2007 година, ја донесе следната:

**Д Е К Л А Р А Ц И Ј А**

1. Советот на општина Охрид ги прифаќа и ги подржува аргументите дека СРЦ „Билјанини извори“ е граден со средства од граѓаните на општина Охрид и природно им припаѓа ним;

2. Советот на општина Охрид безрезервно му дава поддршка на Градоначалникот во неговата иницијатива, мерки и активности кои ги презема и ќе ги презема за пренесување на правото на сопственост врз Спортско - рекреативниот центар „Билјанини извори“;

3. Оваа декларација ќе биде објавена во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 216/3**
**07.02.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**